ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-203/9

Дата: 23.08.2013

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии (во натамошниот текст министерство), сметка на основниот буџет (637) за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2009 година, за кои е изразено мислење без резерва за реалноста и објективноста на Билансот на состојба и за резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум. Во однос на прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива изразено е мислење со резерва.
При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, при што е констатирано дека од дадените две препораки, една е делумно спроведена и една не е спроведена.

За финансискиот извештај Билансот на состојба на Министерството за финансии за 2012 година изразивме мислење со резерва, за Билансот на приходи и расходи изразивме мислење без резерва, како и мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби кои не се во согласност со законските, подзаконските и интерните акти на министерството, од кои како позначајни ги истакнуваме следните состојби:

- не е воспоставена евиденција и не се преземени активности за доставување на податоци за недвижните и движните ствари до надлежните

институции, како и за осигурување на целокупниот имот со кој располага министерството;
- не се изготвени сметководствени политики како специфични принципи, основи, правила и практики кои се користат за подготвување и презентирање на финансиските извештаи;
- за дел од недвижниот имот-градежни објекти на министерството, не се обезбедени потребните документи за запишување на правото на користење/сопственост на недвижните ствари, не е утврдена вредноста и не е извршено евидентирање на истите во деловните книги;
- констатирани се одредени неправилности во примена на постапките за јавни набавки;

За утврдените неправилности дадени се препораки до одговорните лица во министерството со цел преземање мерки за надминување на состојбите.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, обелоденети се состојби во врска со:
- активности поврзани со отпочната и прекината постапка за доизградба, реконструкција и адаптација на објектот „зграда на поранешната Банка за надворешна трговија„ која е во сопственост на Република Македонија, а корисничкото право е пренесено на Министерството за финансии;
- отпочнати активности за давање на трајно користење без надомест на недвижните ствари – деловни простории во кои се сместени подрачните одделенија, со цел регулирање на имотно-правни односи за објекти кои министерството ги користи со други правни лица;
- одобрени средства за Проектот„Купи куќа, купи стан„ како финансиски план (право на трошење), врз основа на Одлуки за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија, донесени од Владата на Република Македонија;
- намирување на обврските кои произлегуваат од делбениот биланс на поранешната Агенција за равој и инвестиии, од страна на Министерството за финансии;
- судски постапки во тек, кои може да имаат влијание на идните финансиски текови во министерството.

Од страна на раководното лице на министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел претставуваат известување за причините кои довеле до утврдените состојби, дел претставуваат известување за постапување/ превземени мерки за надминување на констатираните состојби, дел не се прифатени поради тоа што не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспорат констатираните состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 18 - 20 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии, сметка на основниот буџет (637) за 2012 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2009 година и изразено е мислење без резерва за реалноста и објективноста на Билансот на состојба и за резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум, а во однос на прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива изразено е мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- м-р Зоран Ставрески, министер од 11.07.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа

одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерство за финансии/сметка на основниот буџет (637) за 2012 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се заснована врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.03.2013 до 31.05.2013 година кај Министерство за финансии, сметка на основниот буџет (637) за 2012 година од тим на Државниот завод за ревизија

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година-спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година. Од дадените две препораки, една е делумно спроведена и една не е спроведена (Преглед 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 11.06.2013 година.

Од страна на раководното лице на министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел претставуваат известување за причините кои довеле до утврдените состојби, дел претставуваат известување за постапување/превземени мерки за надминување на констатираните состојби, дел не се прифатени поради тоа што не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспорат констатираните состојби.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно член 15 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, министерството е должно да обезбеди чување и заштита на стварите, нивно економично и соодветно користење, а согласно став 2 од наведениот член, истите треба да се осигураат во согласност со прописите за осигурување. Министерството не врши осигурување на градежните објекти и опремата, освен осигурувањето на службените возила, поради што во случај на евентуална штета, не постои можност од надомест на истата.

**Препорака:**
Одговорните лица во министерството да превземат мерки и активности за осигурување на целокупниот имот со кој располага министерството.

4.1.2. Министерството како корисник на недвижни ствари не води внатрешна евиденција на недвижни ствари на начин пропишан во член 87 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради што и не се доставени податоци до Агенција за катастар на недвижности, што не е во согласност со член 88 и 89 од наведениот закон. Исто така, во текот на 2012 година не се доставени податоци до Одделението за евиденција и располагање на имот-средства на органите на државната власт предвидено во Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за финансии, за вкупната сметководствена вредност за движните ствари кои ги користи со состојба 31 декември во тековната година, што не е во согласност со член 90 од наведениот закон. Ваквата состојба создава ризик од необјективно и нереално прикажување на вкупната вредност на имотот/недвижните ствари со кои располага Република Македонија.
Во текот на ревизијата од страна на секторот за финансиски прашања доставено е Известување број 05-18841/1 од 29.05.2013 година до Управата за имотно правни работи, за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користи министерството со состојба на 31.12.2012 година.
До денот на известување од извршената ревизија, од страна на министерот донесено е Решение број 04-21084/1 година од 13.06.2013 година, за формирање на Комисија за востановување на внатрешна евиденција на движните и недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) и предлагања на измени и дополни на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

**Препорака:**
Одговорните лица во министерството да продолжат со отпочнатите активности за востановување и водење на внатрешна евиденција на недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) што ги користи министерството и за доставување на истата до Агенција за катастар на недвижности.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Министерството нема изготвено сметководствени политики како специфични принципи, основи, правила и практики кои се користат за подготвување и презентирање на финансиските извештаи, што не е во согласност со точка 1.3., потточки 1.3.1., 1.3.32., 1.3.33 и 1.3.34 од Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа. Непостоењето на сметководствени политики создава можност од несоодветна сметководствена евиденција на средствата и нивните извори, на побарувањата и обврските на министерството, неутврдување на методот на вреднување на залихите на материјали и ситен инвентар односно погрешно прикажување на податоците во финансиските извештаи.
До денот на известување од извршената ревизија, од страна на министерот донесено е Решение број 04-20981/1 година од 12.06.2013 година, за формирање на Комисија за утврдување на сметководствени политики на Министерството за финансии.

**Препорака:**
Одговорните лица во министерството да продолжат со отпочнатите активности за донесување и имплементирање на сметководствените политики.

4.2.2. Со ревизија на евидентираните градежни објекти со состојба на 31.12.2012 година во вкупен износ од 224.224 илјади денари, констатирани се следните состојби:
- за градежните објекти во вкупен износ од 18.583 илјади денари на ревизијата и беа презентирани документи за сопственост/имотен лист во кои носител на правото на недвижностите/правото на користење е министерството;
- за градежните објекти во вкупен износ од 205.641 илјади денари министерството располага со докази за сопственост/право на користење (договори за купопродажба, фактури за извршени

плаќања, одлуки на Влада на РМ), но не се превземени потребните активности за запишување на правото на користење на недвижностите на министерството (имотни листи), што не е во согласност со Законот за катастар на недвижности и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;

- согласно Одлуката за измена на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар број 19-3840/1 од 14.07.2009 година, министерството се стекнува со право на користење на дел од деловно – административен објект (поранешна зграда "Нова Македонија"), со вкупна површина од 1.800м2. Со извршениот увид на расположливата документација, ревизијата констатира дека за наведената површина не е извршено упишување на правото на користење на имотот во надлежната агенција и не е извршено евидентирање на истиот во деловните книги, што не е во согласност со одредбите на Законот за катастар на недвижности и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

  Во текот на ревизијата, од страна на раководителот на секторот за финансиски прашања доставено е Барање број 05-18619/1 година од 27.05.2013 година до Јавното претпријатие за стопанисување на станбен и деловен простор, за добивање на податоци за вредноста на просторот што го користи Министерството, по кое до денот на известување од извршената ревизија не е добиен повратен одговор;

- согласно Одлука за пренос на сопственоста на недвижен имот – Банка за надворешна трговија на Република Македонија - Министерство за финансии бр.23-6668/1 од 13.11.2001 година, министерството се стекнало со право на сопственост/право на користење на недвижен имот - деловен простор и земјиште, за што истото располага со документ за сопственост/имотен лист каде носител на правото на недвижностите е Република Македонија – Министерство за финансии. Со извршениот увид во сметководствената евиденција, ревизијата констатираше дека не е извршено евидентирање на наведениот недвижен имот и земјиште во деловните книги со состојба на денот на превземање на истите, што не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради недоставени податоци за вредноста на градежниот објект од минати години, односно за перидот пред доделување на правото на сопственост.

Наведените состојби придонесуваат за недвижните ствари да не се изготвени пописни листи врз основа на документи за сопственост и локација на имотот, односно согласно расположливата документација за

правото на сопственост/право на користење на недвижниот имот на министерството.

Поради наведените состојби не постојат услови за реално и објективно усогласување на сметководствената евиденција со фактичката состојба, како и потврдување на податоците искажани на позициите во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорните лица во министерството да превземат мерки и активности за обезбедување на потребните документи за запишување на правото на користење на недвижните ствари, како и утврдување на вредноста на недвижните ствари и евидентирање на истите во деловните книги.

### 4.3. Користење на средства согласно законски прописи

4.3.1. Во текот на 2012 година извршена е набавка на услуга-користење на поштенски услуги во износ од 10.239 илјади денари, без спроведена постапка за јавни набавки согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Неспроведувањето на постапка за јавна набавка создава можност за необезбедување конкуренција, еднаков третман на економските оператори и транспарентност во процесот на набавка.

До денот на известување од извршената ревизија, доставено е Дополнување на годишниот план за јавни набавки во 2013 година на Министерството за финансии број 03-1224/4 од 17.06.2013 година, со кое се предвидува отворена постапка за набавка на поштенски услуги.

**Препорака:**

Одговорните лица постапките за доделување на договорите за јавни набавки да ги вршат согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

### Вкупни ефекти од наодите

Вкупните ефекти од изнесените констатации во точките 4.1, 4.2. и 4.3. чие влијание се одрази врз изденото мислење од страна на ревизијата се:

- не извршено осигурување на градежните објекти и опремата;
- не востановена внатрешна евиденција на недвижни ствари согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, како и и недоставување на истата до надлежната институција,

- не доставени податоци за вкупната сметководствена вредност за движните ствари кои ги користи со состојба 31 декември во тековната година, до надлежната институција;
- не изготвени сметководствени политики;
- не обезбедени документи за запишување на правото на користење на недвижните ствари, не утврдување на вредноста на недвижните ствари и евидентирање во деловните книги;
- неспроведена постапка за јавна набавка.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2., Билансот на состојба ги прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за финансии на ден 31 декември 2012 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во Билансот на приходи и расходи е во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за финансии, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Ревизијата има обврска да истакне дека при формирањето и основањето на државни органи и институции со посебен закон, не секогаш се врши измена на Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ број 58/2000.......51/2011). Имено, не е извршена измена на член 19 од наведениот закон, во кој е наведено дека Бирото за јавни набаки, Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (сега Управа за финансиско разузнавање), Управата за финансиска полиција и Бирото за стоковни резерви (сега Агенција за стокови резерви) се органи во состав на Министерството за

финансии, без својство на правно лице, иако истите со посебни закони[1] се основани како органи во состав на Министерството за финанасии, со својство на правно лице или се формирани како самостојни органи на државната управа. Ревизијата препорачува да се иницира измена на Законот за организација и работа на органите на државната управа, односно негово усогласување со поодделните закони кои го регулираат основањето на државни органи и институции.

6.2. Со одредбите од Законот за државни службеници се утврдени системот на плати и надоместоци на плати на државните службеници, за кои Владата на Република Македонија со одлуки ги утврдува вредностите на бодот за платите за секоја година, без притоа да се уреди системот на плати и надоместоци на плати на лицата вработени во државните органи на Република Македонија кои извршуваат технички и помошни работи и кои немаат стекнато статус на државни службеници и за нив важат општите прописи за работни односи, при што за оваа категорија на вработени потребно е да се почитуваат одредбите на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, ....25/13).

Со одредбите на член 205 став 2 од Законот за работните односи е уредено дека општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во јавниот сектор.

Со членот 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09) е утврдена обврската „Општите колективни договори се усогласуваат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“ односно најкасно до 4 мај 2010 година, а колективните договори на ниво на гранка, односно оддел и колективните договори на ниво на работодавач се усогласуваат во рок од шест месеци од потпишувањето на општите колективни договори.

Исто така со одредбите на член 8 од Законот за минимална плата во Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12) е утврдена обврска за усогласување на постојните колективни

[1] Закон за јавните набавки (Сл.весник број 136/07...185/11);
Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам (Сл.весник број 04/08...44/12, со кој престанува да важи Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело, Сл.весник број 46/04);
Закон за финансиска полиција (Сл.весник број 55/07 и Одлука од Уставен суд од 04/2008) и
Закон за стоковни резерви (Сл. весник број 84/08....24/11, со кој престанува да важи Законот за стоковните резерви, Сл.весник број 68/04).

договори во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на наведениот закон[2].

До денот на ревизијата не се превземени мерки и активности за:

- усогласување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, а со тоа е оневозможено и
- усогласување на гранските колективни договори и колективните договори на ниво на работодавач, вклучувајќи го и Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија и
- усогласување на одредбите на член 21 од Општиот колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија, утврдување на висината на трошоците поврзани со работа и нивно усогласување на годишно ниво со анекс на колективниот договор.

Наведената состојба влијае на можноста за целосно уредување и начинот на остварување на правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во јавниот сектор на Република Македонија.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

7.1. Врз основа на добиено одобрение за повеќегодишна јавна набавка од Владата на Република Македонија, а по спроведена постапка за јавна набавка, Министерството склучило Договор за доизградба, реконструкција и адаптација по принципот „клуч на рака„ на објектот „зграда на поранешната Банка за надворешна трговија„ која е во сопственост на Република Македонија, а корисничкото право го има Министерството за финансии. Заради изведување на дополнителни работи кон основниот договор склучен е Анекс – договор.

Изведувачот се обврзал договорените работи да ги изврши во определени рокови како и средствата од исплатениот аванс во износ од 96.893 илјади денари во 2011 година да ги користи исклучиво наменски за извршување на предметот на договорот. Почитувањето на наведените обврски е обезбедено со банкарски гаранции и договорни казни.

Од страна на министерството констатирано е ненавремено извршување на договорените работи и ненаменско трошење на исплатениот аванс, поради што превземени се следниве мерки и активности:

- активирани и наплатени се банкарски гаранции во вкупен износ од 138.634 илјади денари;

[2] Законот за минимална плата е донесен на ден 24.01.2012 година а стапува во сила на ден 01.02.2012 година.

- покренати се постапки за присилно извршување на договорни казни во вкупен износ од 169.547 илјади денари;
- еднострано се раскинати Договорот и Анекс-договорот;
- преку Државното правобранителство на Република Македонија покрената е постапка за поведување на судска постапка за надомест на штета во вкупен износ од 1.981 илјади денари кои се однесуваат на трошоците што министерството ги имало за реализација на доизградбата/реконструкцијата/адаптацијата на објектот, а се однесуваат на: ангажирање на ревидентска куќа за проектот, ангажирање на надзорен орган и за спроведување на времени приклучоци кон дистрибутивната електрична мрежа и кон постојаната водоводна и канализациона мрежа.

До денот на вршење на ревизијата не се завршени постапките за присилна наплата на договорните казни, ниту од страна на Државното правобранителство на Република Македонија е покрената судска постапка за надомест на штета, за што потребно е интензивирање на наведените постапки.

Со цел завршување на започнатите градежни работи на објектот и решавање на проблемот на недостиг на канцелариски простор, а имајќи го во предвид негативното искуство со носителот на набавката од претходниот договор по принципот „клуч на рака„ министерството спровело посебна постапка за јавна набавка и склучило договор за изработка на проектна документација, врз основа на која ќе се спроведат нови постапки за доделување на договори со цел комплетирање на доизградбата/реконструкцијата/адаптацијата на објектот.

7.2. Заради вршење на работите и задачите за управната постапка од имотно-правните работи, министерството формирало подрачни одделенија за управна постапка во 34 општини. Имајќи во предвид дека министерството не располага со сопствен недвижен имот во секоја општина, истото користи недвижен имот кој организационо припаѓа/е во склоп на недвижностите на други правни лица (најчесто деловни простории во општински згради).

Поради ова министерството се соочува со проблеми како што се нерасчистени имотно-правни односи, неможност од реконструкција и адаптација на деловните простории, неможност деловните простории да бидат осигурени во согласност со прописите за осигурување и останати потешкотии во секојдневното функционирање на подрачните одделенија.

Заради надминување на оваа состојба, а согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи министерството во соработка со надлежните институции во текот на 2013 година отпочнати се активности за давање на трајно користење без надомест на недвижните ствари – деловни простории во кои се сместени подрачните одделенија. До денот на вршење на ревизијата, од страна на Владата на Република Македонија донесени се Одлуки за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за финансии – Управа за имотно - правни работи во 7 општини, а во тек е постапката за давање на трајно користење без надомест на недвижните ствари во 3 општини.

7.3. Согласно член 6, став 9 од Законот за извршување на буџетот за 2012 година, од средствата на Основниот буџет на Република Македонија за 2012 година со Одлуки за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија, донесени од Владата на Република Македонија, од разделот Министерство за финансии - Функции на државата на разделот на буџетскиот корисник-Министерство за финансии, како финансиски план (право на трошење) одобрени се средства во износ од 15.000 илјади денари за имплементација на Проектот„Купи куќа, купи стан„. Наведеното законското решение, овозможува одобрување и исплаќање на средства за намени кои можат да бидат планирани во фазата на изготвување на Буџетот на Република Македонија во рамки на буџет на министерството, имајќи ја во предвид потребата од транспарентност на постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Македонија.

Ревизијата обелоденува дека во текот на 2012 година, за потребите на Проектот „Купи куќа, купи стан„ (медиумска кампања за промоција на проектот) од страна на Министерството исплатени се средства во вкупен износ од 23.604 илјади денари. За целокупна реализација на овој проект одобрени се субвенции во вкупен износ од 40.304 илјади денари, од кои во текот на 2012 година исплатени се средства во износ од 8.629 илјади денари, како прва година од спроведување на проектот.

7.4. Согласно член 1 и 2 од Законот за изменување на Законот за организација и работа на органите на државната управа[3], Агенцијата за развој и инвестиции (АРИ) престанува да постои како орган на државната управа. Согласно член 3 од истиот закон, предвидено е дека вработените во АРИ кои ги вршат работите на наплатата на побарувањата и намирување на

[3] Службен весник на РМ број 51/2011)

обврските во делот на кредитното портфолио, опремата, документацијата и другите средства за работа на истите, просториите во кои е сместена АРИ, како и побарувањата и намирувањата на обврските во делот на кредитното портфолио, да се преземаат во Министерството за финансии. АРИ продолжува да функционира и по стапување на сила на горенаведениот закон (21.04.2011 година), односно до донесување на Решението од Централен регистар на РМ од 29.11.2011 година за бришење на истата од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

Од страна на работна група, формирана од претставници од Министерството за финансии, Министерството за економија и Агенцијата за развој и инвестиции, изготвена е Информација за спроведување на делбен биланс на правата, обврските, имотот, архивата, документацијата, опремата и вработените од АРИ и Делбен биланс. Истите се усвоени од страна на Владата на РМ на седницата одржана на 31.07.2012 година, при што Министерството за финансии се задолжува во рок од три месеци да го реализира делбениот биланс, а за делот на достасаните обврски по кои е пристигната уредна документација, како и за сервисирање на долгот кон Тајванската кредитна линија, да се обезбедат дополнителни средства од Буџетот на РМ.

Во текот на 2012 година, од страна на Секторот за финансиски прашања, доставувани се дописи до Секторот за наплата на побарувања со образложение за неможност од реализација на достасаните обврски по делбениот биланс поради необезбедени средства со Буџетот за 2012 година, како и до Секторот за буџет и фондови, каде се потенцира потребата за обезбедување на дополнителни средства за таа намена со Буџетот за 2013 година.

Недвижниот имот и побарувањата од кредитното портфолио, утврдени во делбениот биланс, евидентирани се на посебна сметка, за која е изготвена завршна сметка за 2012 година. Тековните обврски во вкупен износ од 20.507 илјади денари, од кои најголем дел се однесуваат на судски и извршни трошоци за неподмирени обврски по кои се донесени правосилни пресуди, се преземени од страна на Министерството за финансии, без да се конкретизира дали истите се дел од кредитното портфолио на АРИ, како и од која сметка во рамки на Министерството за финансии ќе се врши исплата на средствата.

Во текот на 2012 година, од сметката за редовно работење на Министерството, извршени е наплата на правосилни судски пресуди кои се однесуваат за поранешната АРИ во вкупен износ од 16.814 илјади денари, односно 82% од преземените тековни обврски со делбениот биланс. Со ваквиот начин на исплата на средства, се доведува во

прашање намирување на тековните обврски на Министерството, од причина што средствата не биле предвидени во Буџетот на министерството за 2012 година.

Имајќи ја во предвид Спецификацијата на судски предмети како составен дел на делбениот биланс, каде што поранешната АРИ е тужена страна во вкупен износ од 133.214 илјади денари, ревизијата смета дека потребно е Министерството за финансии во координација со Државното правобранителство на РМ и другите надлежни органи да превземат активности и мерки за координирање и дефинирање на начинот на понатамошното отплаќање на обврските од кредитното портфолио на АРИ.

7.5. Во текот на 2010 година започната е постапка за набавка на стручна литература од реномирани странски автори во областа на економијата, три книги по илјада примероци, како дел од проект на Владата на РМ[4] и во 2011 година склучени се договори за набавка. Најголем дел од набавените книги (по 850 примероци од секоја книга) со Одлука на Владата на Република Македонија[5], Договор[6] и Записник за примопредавање[7] се преотстапени на Министерството за образование и наука, а останатите 150 примероци од секоја книга се наменети за потребите на вработените во Министерството за финансии. Неоспорувајќи ги активностите и заложбите на надлежните органи за континуирана едукација на вработените, унапредување на професионалноста, стручноста, ефикасноста и ефективноста на администрацијата, ревизијата истакнува дека распределбата на стручна литература по одделни органи потребно е да се врши согласно потребите на истите.

---

[4] Преведување на 500 стручни научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија.

[5] Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука бр.41-6912/1 од 25.09.2012 година.

[6] Договор за примопредавање на движни ствари – три учебници бр.03-41815/1 од 28.11.2012 година

[7] Записник за примопредавање на учебници од проектот на Владата на Република Македонија за превод на 500 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети од САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија

7.6. Обрнуваме внимание дека во министерството се водат судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи и тоа:

- министерството се јавува како тужител во два судски спорови со вкупна вредност од 1.068 илјади денари и
- Министерството се јавува како тужена страна во десет судски спорови во вкупен износ од 2.827 илјади денари.

Имајќи го во предвид фактот дека постои можност од редовната сметка на Министерството да се вршат исплати по правосилни пресуди во кои како тужена страна се јавува Република Македонија – Министерство за финансии, кои не произлегуваат од редовното работење на Министерството, но може да имаат влијание на идните финансиски текови, во текот на ревизијата, Министерството со Допис број 15-15212/2 од 10.05.2013 година се обрати до Државното правобранителство на РМ, како законски застапник на интересите на Република Македонија и на Министерството, заради добивање на информација за судски спорови во кои Република Македонија – Министерство за финансии се јавува како тужена страна или тужител. Од страна на Државното правобранителство на РМ доставен е Допис бр.03-179/13 од 27.05.2013 година, со кој се бара прецизирање на предметите за кои се бараат податоци.

7.7. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Министерството во текот на ревизијата:

- Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2012 година, поради сметководствени грешки кои субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2012 година, коишто како ефекти од ревизијата ја зголемуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2012 година за 39.005 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број ПС-1/1 од 01.01.2013 година.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 425,018 | 432,656 |
| **Вкупно приходи** | | **425,018** | **432,656** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 242,532 | 233,206 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 125,382 | 87,891 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 33,008 | 2,075 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **400,922** | **323,172** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2.4. | 24,096 | 109,484 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **24,096** | **109,484** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **425,018** | **432,656** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2012** | **2011** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 77 | 1 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 1,017 | 1,017 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.3. | 2,868 | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 0 | 66 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 29,490 | 27,047 |
| Залихи | 4.1.6. | 2,081 | 1,663 |
| **Вкупно тековни средства** | | **35,533** | **29,794** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 25,113 | 31,374 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 254,623 | 242,201 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.1. | 29,909 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **309,645** | **273,575** |
| **Други средства** | 4.2.1. | **4,998** | **3,638** |
| **Вкупна актива** | | **350,176** | **307,007** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 9,826 | 7,022 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 647 | 681 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 2 | 121 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 19,015 | 19,223 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 33,871 | 1,084 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **63,361** | **28,131** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 281,817 | 275,238 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **281,817** | **275,238** |
| **Извори на други средства** | 4.4.2. | **4,998** | **3,638** |
| **Вкупна пасива** | | **350,176** | **307,007** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен - јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Извори на други средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **273,575** | **1,663** | **3,638** | **278,876** |
| **Зголемување по основ на:** | **29,291** | **445** | **1,416** | **31,152** |
| Набавки | 10,133 | 128 | - | **10,261** |
| Вишок по попис | 525 | - | - | 525 |
| Ревалоризација | 13,492 | | 249 | |
| Исправка на сметководствена грешка од минати години | 1,539 | | | |
| Корекции по ревизија | 3,602 | 317 | 1,167 | |
| **Намалување по основ на:** | **(23,130)** | **(27)** | **(56)** | **(23,213)** |
| Амортизација на постојани средства/Отпис на ситен инвентар | (19,699) | (27) | (56) | **(19,782)** |
| Преотстапување без надомест | (1,614) | - | - | **(1,614)** |
| Исправка на сметководствена грешка од минати години | (1,784) | - | - | **(1,784)** |
| Корекции по ревизија | (33) | - | - | **(33)** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **279,736** | **2,081** | **4,998** | **286,815** |

Република Македонија
**Министерство за финансии**

[redacted]

ДО: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
-за главниот државен ревизор-
ул. "Македонија", бр. 12/3
1000 Скопје

Бр. 05-24418/1
Скопје 19.07.2013 година

Влада на Република Македонија
Министерство за финансии

Даме Груев 14
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3106199
Факс:++ 389 2 3111787
Е-пошта: finance@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 24.07.2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09-203/7 | | | |

Предмет: Приговор по Нацрт-извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Министерството за финансии сметка на основен буџет-637

Врска: Ваш број 09-203/5, од 19.06.2013 година

Во врска со Нацрт-извештајот, доставен од страна на Државниот завод за ревизија, за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за финансии за 2012 година на сметката на основен буџет-637, согласно одредбите од член 30 од Законот за државна ревизија ("Службен весник на РМ" број 66/2010 и 145/2010) во законски утврдениот рок, Министерството за финансии го поднесува следниов

## П Р И Г О В О Р

Нацрт-извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Министерството за финансии сметка на основен буџет-637

Во однос на забелешката во потточка 4.1.1. дека Министерството за финансии не врши осигурување на градежните објекти и опремата, освен осигурувањето на службените возила, поради што во случај на евентуална штета, не постои можност од надомест на истата, Ве известуваме дека во Управата за имотно правни работи започнати се активности за воспоставување и евиденција на недвижните ствари кои ги користи Министерството за финансии, по што ќе следи нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија со право на користење на Министерството за финансии.

Имајќи во предвид дека постапката за запишување на поголем број од објектите во градовите низ државата сеуште е во тек, осигурувањето ќе биде целосно кога ќе се осигурат сите објекти.

Во однос на забелешката во потточка 4.1.2 дека Министерството за финансии како корисник на недвижни ствари не води внатрешна евиденција на недвижни ствари на начин пропишан во член 87 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради што не се доставени податоци до Агенцијата за катастар на недвижности, што не е во согласност со член 88 и 89 од наведениот закон, како и констатираната состојба во однос на доставувањето на податоци за вкупната сметководствена вредност на движните ствари со состојба на 31 декември во тековната

 [redacted]

година, Ви укажуваме дека Министерството за финансии води внатрешна евиденција за недвижните ствари кои се запишани во Агенцијата за катастар на недвижности.

Исто така со решение на Министерот за финансии број 04-21084/1 од 13.06.2013 година и решение за исправка број 04-21084/2 од 17.06 2013 година е формирана работна група која е задолжена да востанови внатрешна евиденција на движни и недвижни ствари во државна сопственост и подготви текст на Предлог на закон за користење и располагање со стварите на државните органи. Помеѓу другото работната група ќе ја преиспита потребата од постоење на евиденциите пропишани со законот кој е сега во сила, односно ке ја утврди потребата од постоење и водење на единствена евиденција на недвижните и движните ствари што ги користат државните органи и тоа соодветно ќе го уреди во новиот закон.

Во однос на забелешката во потточка 4.2.1 дека Министерството нема изготвено сметководствени политики како специфични принципи, основи, правила и практики кои се користат за подготвување и презентирање на финансиските извештаи што не е во согласност со точка 1.3, потточки 1.3.1, 1.3.32, 1.3.33 и 1.3.34 од Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, Ве известуваме дека од страна на министерот е донесено Решение за формирање на Комисија за утврдување на сметководствените политики на Министерството за финансии број 04-20981/1 од 12.06.2013 година, која отпочна со активностите за донесување и имплементирање на сметководствените политики на Министерството за финансии. Притоа укажуваме дека Министерството за финансии има сметководствена евиденција на средствата и нивните извори, на побарувањата и обврските на министерството, на залихите на материјали и на ситниот инвентар.

Во однос на забелешката во потточка 4.2.2 Ви укажуваме дека веќе се започнати активности за воспоставување на евиденција на недвижните ствари како и активности за прибирање на сопственичка документација за недвижните ствари што ги користи Министерството за финансии, а за кои не е запишано правото на сопственост, по што ќе следи предлагање на соодветни одлуки за запишување на правото на сопственост на недвижните стари на Република Македонија и давање на користење на Министерството за финансии со што ќе се регулира имотно правниот статус и вредноста на недвижните ствари кои моментално се користат од Министерството за финансии.

За објектот "зграда на поранешната Банка за надворешна трговија" Министерството за финансии има имотен лист за право на сопственост. По укажување на ревизијата постои сметководствено евидентирање на истиот како инвестиција во тек.

Во однос на забелешката во потточка 4.3.1 дека во текот на 2012 година извршена е набавка на услуга-користење на поштенски услуги во износ од 10.239 илјади денари, без спроведена постапка за јавни набавки согласно одредбите од Законот за јавни набавки Ве известуваме дека Министерството за финансии во градовите на територијата на Република Македонија има 29 подрачни одделенија и поштенските пратки се испраќаат преку Македонска Пошта Скопје, како носител на лиценца за универзална услуга. Притоа укажуваме дека на ниво на Република Македонија не постои друг економски оператор кој ја опслужува целата територија.

Во однос на точката 6.1 од Нацрт Извештајот, каде има препорака да се иницира измена на Законот за организација и работа на органите на државната управа во насока на негово усогласување со поодделните закони кои го регулираат основањето на државните органи и институции, иако се работи за закон кој не е во надлежност на

Министерството за финансии, ќе се преземат активности за иницирање на измена, а со цел усогласување на истиот со фактичката состојба.

По однос на точката 6.2 во која се укажува на потребата од усогласување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, посебните граски договори и договори на ниво на работодавач, со постојниот Закон за работните односи и Закон за минималната плата во Република Македонија, Ве известуваме дека Министерството за финансии не е предлагач на измени, ниту пак страна која учествува во склучувањето на општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ, па оттука не може да преземе директни дејствија во насока на усогласување на истиот со наведените закони, а потоа и посебните грански договори и договорот на ниво на работодавач.

Видно од Општиот колективен договор за јавниот сектор за Република Македонија, договорна страна е Владата на Република Македонија (или по овластување Министерството за труд), а видно од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија, договорна страна е Министерството за правда.

Во однос на точката 7.1, дека не се завршени постапките за присилна наплата на договорните казни, ниту од Државното правобранителство е покрената постапка за надомест на штета, сакаме да напоменеме дека Министерството за финансии ги има преземено сите дејствија согласно со Договорот и согласно со позитивната законска регулатива за остварување на своите права пред надлежните органи. Министерството за финансии ги наплати сите банкарски гаранции и поведе постапки за наплата на побарувањата пред извршител кој е единствено надлежен за присилна наплата, согласно Законот за извршување. Исходот од овие постапки единствено зависи од прашањето дали должникот располага со имот или средства од кои присилно може да се наплати побарувањето на Министерството за финансии. Во однос на постапката за надомест на штета, Министерството за финансии поднесе барање за поведување на постапка за надомест на штета до Државното правобранителство како застапник по закон и од тие причини Министерството нема расположливи механизми за наплата на своите побарувања.

Во однос на забелешката во точката 7.5. дека распределбата на стручната литература од реномирани странски автори во областа на економијата по одделни органи потребно е да се врши согласно потребите на истите Ве известуваме дека како дел од проектот на Владата на Република Македонија, Министерството за финансии спроведе постапка за јавна набавка на учебници од реномирани странски автори во областа на економијата. Постапката за доделување на договори за јавната набавка е спроведена согласно со одредбите на Законот за јавните набавки со примена на отворена постапка. По испораката на секоја книга во тираж од 1000 примероци, со одлука на Владата на Република Македонија по 850 примероци се отстапуваат на Министерството за образование и наука, а по 150 примероци остануваат во сопственост на Министерството за финансии.

Имајќи ја во предвид заложбата на Владата на Република Македонија за континуирана едукација на вработените како и унапредување на професионалноста, стручноста, ефикасноста и ефективноста на администрацијата, Министерството за финансии истакнува дека распределбата на стручната литература по одделните органи се врши согласно нивните потреби.

Министерството за финансии не смета дека 150 примероци се многу за неговите

[redacted]

потреби со оглед на бројот на вработените (повеќе од 600 вработени) од кои повеќето се со високо образование. Се планира од секој учебник да се даде во подрачните единици на Министерството, а исто така, наведените книги ќе можат да ги користат и органите во состав на Министерството за финансии (Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управа за спречување перење пари и финансирање тероризам-сега Управа за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки, Управата за имотно правни работи и Државниот девизен инспекторат)

Заради горенаведеното, сметаме дека треба да се прифати во целост приговорот на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Министерството за финансии на сметката на основен буџет-637.

Со почит,

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

Изготвил: Марина Јовеска Блажеска
Проверил: Зорка Костовска
Согласни: Душко Тасев
Гордана Сусулеска Итик
Зоран Крстановски
Одобрил: Наташа Стојмановска

**Прилог 3**

# ОДГОВОР
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 24.07.2013 година, од страна на раководното лице на министерството доставени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за финансии - сметка на основен буџет (637) број 24418/1 од 19.07.2013 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-203/7.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки, при што констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** која се однесува на непреземени активности за осигурување на градежните објекти и опремата, освен осигурувањето на службените возила, претставува **известување** за отпочнати активности во насока на спроведување на дадената препорака по констатираната состојба. Раководното лице на министерството информира дека во Управата за имотно правни работи започнати се активности за воспоставување евиденција на недвижните ствари кои ги користи министерството, по што ќе следи нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности со право на користење на Министерството за финансии, како и осигурување на сите објекти.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.2.** која се однесува на невоспоставена внатрешна евиденција на недвижни ствари и не доставени податоци за истите до Агенцијата за катастар не недвижности, како и не доставени податоци до Одделението за евиденција и располагање на имот-средства на органите на државната власт при Министерството за финансии, за вкупната сметководствена вредност за движните ствари кои ги користи со состојба 31 декември во тековната година, претставува **известување** за констатираната состојба. Раководното лице на министерството известува дека Министерството за финансии води внатрешна евиденција за недвижните ствари кои се запишани во Агенцијата за катастар на недвижности и истовремено информира дека е формирана работна група која е задолжена да востанови внатрешна евиденција на движни и недвижни ствари во државна сопственост и да подготви текст на Предлог на закон за користење и располагање со стварите на државните органи, за што овластениот државен ревизор извести во Нацрт извештајот .

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1.** која се однесува на не изготвени сметководствени политики како специфични принципи, основи,

правила и практики кои се користат за подготвување и презентирање на финансиските извештаи, претставува **<u>известување</u>** за отпочнати активности за надминување на констатираната состојба. Раководното лице на министерството информира дека е донесено решение за формирање на Комисија за утврдување на сметководствени политики на Министерството за финансии, за што овластениот државен ревизор извести во Нацрт извештајот.

4. Забелешката на констатираните состојби во **<u>точката 4.2.2.</u>** која се однесува на непреземени активности за запишување на правото на користење на недвижностите на министерството, како и за воведување во сметководствената евиденција на дел од недвижниот имот, претставува **<u>известување</u>** за отпочнати активности во насока на спроведување на дадената препорака по констатираната состојба.

5. Забелешката на констатираните состојби во **<u>точката 4.3.1.</u>** која се однесува на извршена набавка на услуга-користење на поштенски услуги, без спроведена постапка за јавни набавки, претставува **<u>известување</u>** за причините поради кои не е спроведена постапката. Раководното лице на министерството информира дека Министерството за финансии во градовите на територијата на РМ има 29 подрачни одделенија, а поштенските пратки се испраќаат преку Македонска пошта Скопје, како носител на лиценца за универзална услуга, при што укажува дека на ниво на РМ не постои друг економски оператор кој ја опслужува целата територија. Ревизијата потенцира дека согласно член 17, став 1, алинеја 1 од Законот за јавни набавки и Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги, услугите за копнен и воздушен транспорт на поштенски пратки се предмет на договорите за јавни набавки. Истотака, Овластениот државен ревизор во Нацрт извештајот извести дека до денот на известување од извршената ревизија отпочнати се активности од страна на министерството за надминување на констатираната состојба,.

6. Упатената забелешка на поглавје **Системски слабости**, **точка 6.1.** која се однесува на иницирана измена на Законот за организација и работа на органите на државната управа во насока на негово усогласување со поодделните закони кои го регулираат основањето на државни органи и институции, претставува **<u>известување</u>** дека иако се работи за закон кој не е во надлежност на Министерството за финансии, ќе се преземат активности за надминување на констатираната состојба. Поради тоа што наведената состојба е резултат од надворешни фактори или околности кои се надвор од контрола/влијание на субјектот предмет на ревизија, Овластениот државен ревизор, согласно методолошките акти на Државниот завод за ревизија и меѓународните стандарди на Врховните ревизорски институции, истата ја презентираше во поглавјето Системски слабости.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ___________________________

*2.* ___________________________ ______________________

*3.* ___________________________

7. Упатената забелешка на поглавје **Системски слабости**, **точка 6.2.** која се однесува на потребата од усогласување на колективните договори со Законот за работни односи и Законот за минимална плата во република Македонија, претставува **изестување** дека министерството не е предлагач на измени, ниту пак страна која учествува во склучување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ, поради што не може да преземе директни дејствија во насока на усогласување на истиот за наведените закони. Поради тоа што наведената состојба е резултат од надворешни фактори или околности кои се надвор од контрола/влијание на субјектот предмет на ревизија, Овластениот државен ревизор, согласно методолошките акти на Државниот завод за ревизија и меѓународните стандарди на Врховните ревизорски институции, истата ја презентираше во поглавјето Системски слабости.

8. Упатената забелешка на поглавје **Нагласување на прашања за неисвесност и континуитет**, **точка 7.1.** која се однесува на незавршени постапки за присилна наплата на договорните казни, како и не покрената судска постапка за надомест на штета од страна на Државното правобранителство на Република Македонија, претставува **известување** за преземени активности од страна на министерство, што ревизијата ги имаше во предвид и истите се констатирани во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

9. Упатената забелешка на поглавје **Нагласување на прашања за неисвесност и континуитет**, **точка 7.5.** која се однесува на распределбата на набавена стручна литература од реномирани странски автори од областа на економијата, на вработените во Министерството за финансии, претставува **известување** дека се планира понатамошна распределба на литературата во подрачните единици на Министерството, како и во органите во состав на Министерството.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

*3.* ____________________________